# СПОРЕДБА НА ИЗБОРНИ ПРОГРАМИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО ДОМЕНОТ НА МЕРКИ ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

# (ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2024)

Миша Поповиќ
Мартина Илиевска
Сара Богдановска
Марија Димитровска
Ѓорѓи Хаџи Василев

Скопје, Април 2024

IDSCS.ORG.MK

CONTACT@IDSCS.ORG.MK

## СОДРЖИНА

Листа на кратенки ..... 2
Вовед..... 3
Ресурси на превентивни тела за антикорупција..... 4
Ресурси на судови и јавни обвинителства ..... 5
Ресурси на институции за примена на законите ..... 9
Казнена политика ..... 10
Антикорупциска политика ..... 12
Меѓуинституционална соработка и координација..... 13
Потекло на имот и конфискација..... 14
Подобрување на работа на судство и обвинителство ..... 15
Подобрување на работа на советите (судски и обвинителски)..... 17
Подобрување на работа во други сектори..... 21
Улога на Собрание..... 24
Јавни набавки..... 25

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АВРМ** | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| **АКМИС** | Информациски систем за автоматско управување со судски предмети |
| **АСПИ** | Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер |
| **БДП** | Бруто домашен производ |
| **БЈБ** | Биро за јавна безбедност |
| **БЈН** | Биро за јавни набавки |
| **ВИ** | Вештачка интелигенција |
| **ДЗР** | Државен завод за ревизија |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| **ДУП** | Детален урбанистички план |
| **ЕСЈН** | Електронски систем за јавни набавки |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човекови права |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЗКП** | Закон за кривична постапка |
| **ЈО** | Јавно обвинителство на Република Северна Македонија |
| **КЗ** | Кривичен законик |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **НАТО** | Организација на Северноатлантски договор |
| **ОЈОГОКК** | Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција |
| **РСС** | Судски совет на Република Северна Македонија |
| **САД** | Соединети американски држави |
| **СЈО** | Специјално јавно обвинителство |
| **УЈП** | Управа за јавни приходи |
| **УФР** | Управа за финансиско разузнавање |
| **ФЗО** | Фонд за здравствено осигурување |
| **ФП** | Управа за финансиска полиција |
| **ФПИОМ** | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување |

## ВОВЕД

Корупцијата е сеприсутна закана за интегритетот и работата на институциите и политичкиот систем во целина. Како криминално дејствување, директно ја загрозува благосостојбата на граѓаните и нивниот пристап до јавните услуги, го поткопува функционирањето на владеењето на правото и создава култура на неказнивост. Од таа причина, за граѓаните е важно што политичките партии ветуваат и како ќе го адресираат овој проблем во своите изборни програми.

Парламентарните избори се важен момент за демократските процеси во државата, но и за остварување на уставно загарантираното право на граѓанинот да избира од кого ќе биде претставуван во следните четири години. Суштинска посветеност на партиите за креирање на добри и одговорни политики е неопходна за подобрување на општеството и животот на граѓаните. Во овој период, понудените политики за справување со корупцијата, меѓу другото, се од голема важност за граѓаните и нивната одлука на денот на изборите. Системското адресирање на корупцијата директно влијае на ефективноста на сите други понудени мерки и програми.

За таа цел, во очи на изборната кампања за Парламентарните избори 2024 година, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје, направи кратка анализа која на граѓаните им нуди можност на едно место да ги споредат антикорупциските мерки што политичките партии ги нудат во своите изборни програми. Предмет на анализата се изборните програми на парламентарните партии кои досега јавно ги објавиле своите планови на дејствување.

## РЕСУРСИ НА ПРЕВЕНТИВНИ ТЕЛА ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

Анализираните партиски и коалициски програми генерално се на иста линија и немаат спротивставени ставови во однос на мерките за поддршка на превентивните органи за борба против корупцијата. Во изборните програми на СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Вреди“, предложени се мерки за обезбедување на соодветни материјални и човечки ресурси, неопходни за непречено функционирање на институциите. Во овие делови предвидено е доекипирање со потребниот број на кадри и ресурси со цел институциите поефикасно и поефективно да ги извршуваат своите надлежности, меѓу кои се истакнуваат проверката на имотната состојба на функционерите, спроведувањето внатрешна ревизија, набљудувањето на судирот на интереси и имплементацијата на Националната стратегија за борба против корупцијата.  Опфатени се и мерки за стручно дообучување и развој на кадрите, а предложено е и зајакнување на законските овластувања на дел од институциите. Мерките се насочени кон сите институции со превентивна антикорупциска улога, но во програмите експлицитно се наведени Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија и Финансиската полиција.

Движењето ЗНАМ и Коалицијата Европски Фронт предводена од политичката партија ДУИ немаат предвидено мерки во оваа сфера.

| **СДСМ** | **ВМРО-ДПМНЕ** | **Левица** | **Коалиција „Вреди“** |
|---|---|---|---|
| • Обезбедување на соодветни ресурси неопходни за работа и професионална обука на задолжените лица за спречувањето и борбата против корупцијата во антикорупциските тела. | • Обезбедување соодветни  човечки и материјални ресурси за ДКСК, особено во делот на проверка на имотната состојба на избраните и именуваните функционери, како и законска обврска за ЈО приоритетно да постапува по предметите и инцијативите кои ДКСК ги доставува.<br>• Зголемување на бројот на внатрешните ревизори во државните и во јавните институции и формирање на Ревизорски комитет како ново централно тело за следење на реализацијата на препораките дадени од внатрешните ревизори и од ДЗР. | • Обезбедување на доволно ресурси за да се овозможи длабинско набљудување на судирот на интереси за сите избрани и именувани лица и членовите на нивните семејства или нивните деловни партнери | • Зајакнување на законските овластувања на органите одговорни за спроведување на Стратегијата за спречување на корупција и судир на интереси, особено на ДКСК, ФП и ДЗР<br>• Создавање на Координативна мрежа за борба против измами со цел спречување и пријавување на неправилности кои влијаат на управувањето со ЕУ фондовите<br>• Формирање Комисија за стандарди во јавниот живот што ќе промовира самоодрекување, интегритет, објективност, отчетност, транспарентност, чесност и лидерство. Комисијата, независно тело кое одговара пред Собранието, би служела како советодавно тело на претседателот и државните органи одговорни за владеење на правото. |

## РЕСУРСИ НА СУДОВИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА

Потребата за обезбедување ресурси за судовите и јавните обвинителства е препознаена во повеќе партиски програми. Најпрво, она за што повеќето од партиите се согласуваат е дека потребно е спроведување на ветинг на судиите, обвинителите и политичарите, а во некои програми е предложено и носење на посебен Закон за ветинг. Партиите се согласни и за обезбедување на буџетска независност на судството. Па така, Коалицијата „Вреди" во својата програма предвидува законски реформи со цел обезбедување на целосна или делумна буџетска независност на судството и антикорупциските институции, СДСМ предлага целосна буџетска независност на Судскиот Совет, а ДУИ предлага обезбедување на финансиска независност на судскиот систем.

Што се однесува до критериумите за оценка на перформансот и напредување во судовите и обвинителствата, ВМРО-ДПМНЕ предлага законски измени за допрецизирање на критериумите за унапредување на судиите, задолжителна евалуација на нивната работа, ДУИ предлага подобрување на законската рамка за оценување, напредување, преместување и разрешување на судии и обвинители, како и утврдување на критериуми за унапредување на судиите и јавните обвинители. Левица предлага воведување на годишна евалуација за работата на судиите како и законско прецизирање на критериумите за унапредување на јавните обвинители, а СДСМ предлага реевалуација на работата на активните судии и јавни обвинители и нивниот интегритет.

Партиите се разликуваат во поглед на ставовите поврзани со постапките за избор на судиите и обвинителите. ВМРО-ДПМНЕ предлага судиите и јавните обвинители да се избираат од листата на најдобри кандидати кои ја завршиле обуката на Академијата за судии и јавни обвинители, како и утврдување на законски критериуми за рангирање на кандидатите за судии и претседатели на судови. ВМРО-ДПМНЕ исто така предлага и спроведување на целосна ревизија на приемот на кандидати во Академијата за судии и јавни обвинители, и одделување на Академијата за судии и јавни обвинители во посебни Академија за судии и Академија за јавни обвинители. Кога станува збор за Академијата, Левица предлага поострување на критериумите за упис и поништување на правосудниот испит на сите кандидати кои го полагале предвремено или приложиле лажни дипломи. Левица предлага и воведување на построги критериуми за избор на судии и поголем стаж за нивен постепен напредок во кариерата. Коалицијата Вреди предлага целосна реформа на системот за избор, унапредување, дисциплина и разрешување на судии, јавни обвинители, додека пак коалицијата Европски фронт предлага да се избираат судиите и обвинителите преку имплементација на стратегии за управување со човечки ресурси во судовите и во јавните обвинителства.

| СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | ДУИ/Европски фронт | Левица | Коалиција „Вреди“ |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| • Спроведување на „ветинг“ на судиите.<br>• Реевалуација на работата на активните судии и јавни обвинители и нивниот интегритет.<br>• Унапредување на пристапноста до судовите, јавните обвинителства и правобранителства за сите граѓани.<br>• Целосна буџетска автономија на Судскиот совет, повеќе средства предвидени во Буџетот, поврзување на Буџетот на Судскиот совет со одреден релативен износ од БДП, создавање на брза постапка и органски буџет за Судскиот совет, создавање на услови за независно креирање на буџетот, без влијание на извршната и законодавната власт.<br>• Зајакнување на Советот на јавни обвинители и капацитетите и ефективноста на јавнообвинителската фела и нејзината независност, ефикасност и транспарентност во постапувањето.<br>Постојан професионален, стручен и научен развој во државното и народното правобранителство. | • Донесување нов Закон за јавно обвинителство, Закон за судови, Закон за Судски совет, Закон за кривична постапка, Закон за Совет на јавни обвинители и други неопходни закони.<br>• Судиите да се избираат од листата на најдобрите кандидати кои успешно ја завршиле обуката на Академијата за судии.<br>• Утврдување на законски критериуми за рангирање на кандидатите за судии и претседатели на судови и регулирање на постапките за преземања и префрлања на судии во други судови.<br>• Ревидирање на точноста на професионалните и образовните критериуми кои треба да ги исполни секој судија.<br>• Спроведување на целосна ревизија на приемот на кандидати во Академијата за судии и јавни обвинители.<br>• Со законски измени ќе се прецизираат критериумите за можноста за унапредување на судиите при што ќе биде воведена задолжителна евалуација на нивната работа како судии.<br>• Поведување постапки за одговорност на судија чиишто одлуки или пресуди за кое било | • Ветингот со закон ќе биде воведен како институција за спречување и континуирана борба против корупцијата во нашето општество, за нејзино искоренување од институциите во државата<br>• Реафирмирање на предлогот за донесување на Закон за ветинг. Предлогот ќе се унапредува во соработка со локални и меѓународни експерти, и во согласност со мерките од Законот за рестриктивни мерки.<br>• Ветингот ќе опфати политичари, судии, обвинители и функционери на високи позиции за мир и безбедност. Воведување на „Сертификат за вршење државна функција“ по претходно извршена проверка на факти за невмешаност во корупција или дејствија против државните интереси. Овие сертификати ќе се применуваат во соработка со меѓународни институции, како што се НАТО, ЕУ и САД.<br>• Слободните места за судии и обвинители ќе се пополнат преку имплементација на | • Генерален резибор и „ветинг“ на судии, т.е. детално преоценување и проверка на нивната работа и нивната имотна состојба. Укинување на бонусите и додатоците на плата на уставните судии.<br>• Укинување на трајниот мандат на судиите и воведување ограничен мандат од девет години, без право на реизбор – освен во повисок суд.<br>• Разрешување на судија на кој му застареле три предмета во кариерата;  поради кои Република Македонија ќе изгуби спор пред ЕСЧП.<br>• Поострување на критериумите за упис на Академијата за судии и поништување на правосудниот испит на сите кандидати кои го полагале „предвремено“ или кои приложиле лажни дипломи и сертификати.<br>• Воведување построги услови за избор на судии и поголем стаж за нивен постепен и скалест напредок во кариерата во повисоките судови.<br>• Тотална департизација и професионализација на правосудството, преку зајакнување на објективните критериуми за напредок во кариерата на судиите и обвинителите – со задолжителна и транспарентна споредба на квалитативните и квантитативните заслуги на кандидатите.<br>• Воведување на антинепотистички мерки во правосудството и оневозможување блиски роднини да вршат различни улоги во рамки на едно исто апелационо подрачје. | • Закон за проверка на судиите и обвинителите, вклучително и создавање на независно тело формирано специјално за овој процес, во согласност со европските стандарди и со меѓународна помош<br>• Реформа на системот за избор, унапредување, дисциплина и разрешување на судии и јавни обвинители, вклучително и на Државниот јавен обвинител, за да се обезбеди почитување и унапредување на независноста на судството на сите нивоа<br>• Удвојување на јавните средства за судството, јавното обвинителство и институциите надлежни за спречување на корупцијата, со посебен приоритет на ОЈОГОКК, БЈБ, ДЗР и други истражни центри и одделенија.<br>Законски реформи за буџетот за судството и институциите за борба против корупцијата да биде целосно или барем делумно под контрола на независни и автономни тела, а не на владата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | утврдено прекршување на човековите права и слободи од страна на судот во Стразбур.<br>• Назначување комесар за заштита на човекови права во судовите. Обврските и начините на постапување на судијата – комесар за заштита на човекови права ќе бидат предвидени во измените на Законот за судови.<br>• Одделување на Академијата за судии и јавни обвинители во посебни Академија за судии и Академија за јавни обвинители.<br>• Утврдување на законски критериуми за рангирање на кандидатите за јавни обвинители и регулирање на постапките за преземања и префрлања на обвинители.<br>• Спречување на злоупотребите во дисциплинските постапки против обвинителите со утврдување на јасни критериуми за дисциплинските прекршоци.<br>• Јавните обвинители да се избираат од листата на најдобрите кандидати кои успешно ја завршиле обуката на Академијата за обвинители.<br>• Ревидирање на точноста на професионалните и образовните критериуми кои треба да ги исполни секој јавен обвинител, со | стратегии за управување со човечки ресурси во судовите и во ЈО.<br>• Подобрување на законската рамка за регрутирање, селекција, именување, оценување, напредување, преместување и разрешување на судии и обвинители.<br>• Навремено носење и спроведување на Законот за јавно обвинителство и Законот на Советот на јавни обвинители, целосно усогласени со законодавството и стандардите на ЕУ, вклучително и мислењето на Венецијанската комисија.<br>• Законски решенија за регулирање на платите на судиите, обвинителите, судскиот персонал и Обвинителството.<br>• Ќе се обезбеди финансиска независност на судскиот систем за постигнување на целите на Судската стратегија (2024–2028), во согласност со Законот за судски буџет.<br>• Утврдување на критериуми за унапредување на судиите и јавните обвинители со цел да се зголеми кредибилитетот на мислењето во однос на судството.<br>• Обезбедување услови за континуирана обука на | • Воведување годишна евалуација на работата на судиите – отчет за сработените предмети, донесените пресуди / решенија во конкретни случаи, бројот на обжалени акти, бројот на „кејсови“ кои се укинати од повисокиот суд и сл.<br>• Формирање на специјализирано Републичко истражно биро (по примерот на американското FBI) со цел зајакнување на капацитетите на Обвинителството и негова кадровска независност од МВР – особено во делот на предистрагите и истрагите, преку ставање во функција на посебни Истражни центри на правосудната полиција. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ограничување на изборот на јавни обвинители од пониско рангирани кандидати, а за својот конечен избор, Советот ќе треба да даде конкретно образложение.<br>• Законско подигнување и прецизирање на критериумите за унапредување на јавни обвинители со задолжителна евалуација на нивната работа.<br>• Прецизирање на законските рокови за постапување во предистрага, со одговорност на јавните обвинители кои не постапиле во законскиот рок.<br>• Унапредување на системот на оценување и одговорност на јавните обвинители преку објективни критериуми.<br>• Функционални истражни центри во јавните обвинителства со целосно техничко и кадровско екипирање. | судии и обвинители, развој на ефикасни стандарди за управување со судењето.<br>• Утврдување на законска обврска за континуирана обука на адвокати, нотари, извршители, медијатори што ќе ја организираат Коморите во соработка со други органи или институции по потреба.<br><br>Распределба на дополнителни средства и ресурси за ОЈОГОКК, особено за специјализирани обвинители, финансиски експерти и аналитичари за дигитална форензика. | | |

## РЕСУРСИ НА ИНСТИТУЦИИ ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Партиите ја препознаваат важноста и потенцијалот на модерната технологија за зајакнување на институционалните капацитети за максимална примена на законите. Партиите со своите програми се залагаат за електронско вмрежување на базите на податоци на сите државни институции, зголемена ефективност преку дигиталната автоматизирана наплата на даноци, како и широка употреба на вештачката интелигенција за откривање на коруптивно работење. ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и Коалицијата Европски Фронт најавуваат зајакнати механизми за контрола на интегритетот на царинската и службата за внатрешни работи преку обезбедување на телесни камери на царинските службеници (СДСМ) , целосна дигитализација на Царинската управа и формирање електронски систем за издавање на лични документи од страна на МВР (ВМРО-ДПМНЕ), како и формирање на посебна организациска единица задолжена за развој на постапки за утврдување на дисциплинска одговорност во рамки на МВР (Коалиција Европски Фронт).

| СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | ДУИ/Европски фронт | Левица |
|---|---|---|---|
| • Зголемена ефикасност и ефективност во наплата на приходите преку дигитализација: автоматизирани и електронски процеси за наплата на данок, пребивање на данок, поврат, опоменување, блокади, одложено плаќање.<br>• Унапредување на системот „Мој ДДВ“ со обезбедување полесен пристап на даночните обврзници за скенирање фискални сметки и можност за пријавување неправилности во работењето на даночните обврзници.<br>• Намалување на максималниот износ за готовински плаќања на: 60 000 ден. во 2025 година 30 000 ден. во 2026 година 20 000 ден. во 2027 година 10 000 ден. во 2028 година<br>• Воведување телесни камери за царинските службеници на граница, во функција на интересот на граѓаните и деловната заедница, за спречување корупција и намалување на субјективност во работењето.<br>• Воведување внатрешни механизми за контрола на работењето на царинските службеници, | • Воведување механизам за независна и објективна проверка на примената на даночната регулатива во конкретни даночни контроли и други даночни постапки, за да се оневозможи субјективност во одлуките на даночните инспектори и намалување на судски спорови.<br>• Воведување електронска фактура (Е-фактура), преку единствениот систем на УЈП, со што се очекува да ја намали сивата економија преку елиминирање на издавањето на фиктивни фактури за поврат на ДДВ, а УЈП во реално време да располага со податоци за деловните трансакции.<br>• Дигитализирање и поедноставување на регистрирањето на микро и мали фирми, како и пријавување на работници ангажирани на пократок рок.<br>• Дигитализација на Царинската управа, воведување на нови е-услуги како и електронско поднесување и издавање на | • Зајакнување на човечките и финансиските капацитети на агенциите кои истражуваат тешки кривични дела и организиран криминал, финансиски криминал и перење пари.<br>• Обезбедување дополнителни законски гаранции за оперативна независност на полицијата во однос на МВР.<br>• Формирање на посебна организациона единица надлежна за развој на постапки за утврдување дисциплинска одговорност во случаите дефинирани со измената на Законот за внатрешни работи.<br>• Воведување и прилагодување на тестот за интегритет, кој има функција на спречување на корупција и злоупотреба на службената положба, што има релевантни импликации во процесот на напредување на вработените во МВР.<br>• Зајакнување на човечките ресурси во Агенцијата за управување со | • Задолжително електронско вмрежување на базите на податоци на сите позначајни државни органи и институции кои вршат јавни овластувања (МВР, УЈП, ФПИОМ, ФЗО, Централен регистар, Катастар, Матично и сл.), со цел размена на документи во електронска форма. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| интегритетот и професионализмот како и следење и проверка на имотната состојба преку анкетни листови и нивна ревизија.<br>• Примена на ВИ во процесите на рано откривање на коруптивни и други недозволени дејства, преку откривање на шаблони и обрасци на одредени неприфатливи однесувања. | документи кои сега физички се поднесуваат и се издаваат.<br>• Воспоставување електронски систем за издавање на лични документи на МВР што ќе го детектира истекот на важноста на определен документ на граѓаните и ќе ги известува граѓаните. | конфискуван имот, преку кадровско екипирање и обуки, обезбедување на ефикасен и квалитетен софтвер и доволен простор за да се обезбеди подобрување на рамнотежата на работата, истрагите и кривично гонење за организиран криминал и перење пари, со фокус на конфискација на имот. | |

## КАЗНЕНА ПОЛИТИКА

Во однос на казнената политика, партиите се генерално согласни дека потребни се измени на Кривичниот законик.  Па така, поголемиот дел од мерките во програмите вклучуваат промени на Кривичниот законик, а со цел зголемување на рокот на застареност за делата сторени од носителите на јавни функции, враќање на укинатите одредби од Законот кои се однесуваат на злоупотреба на службена положба, а во некои програми предвидено е и донесување на целосно нов кривичен законик со цел рекласифицирање и подобро редефинирање на низа кривични дела и менување на репресивна казнена политика. Предложено е и незастарување на кривичните дела поврзани со криминал и корупција, како и мерки за казнување на неразумното одложување на судските постапки. Останатите мерки за кои партиите се генерално на иста линија вклучуваат зголемување на опфатот на санкциите и нивниот износ во однос на судир на интереси, корупција, воведување кривична одговорност за корупција и изрекување на забрана за вршење на службена должност на корумпирани политичари.

Во делот на казнената политика генерално нема спротивставени ставови помеѓу коалициите предводени од СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, Левица и ЗНАМ, додека пак Коалицијата „Вреди“ нема предвидено мерки во овој дел.

| СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | ДУИ/Европски фронт | Левица | ЗНАМ |
|---|---|---|---|---|
| • Закон за изменување и дополнување на Законот за рестриктивни мерки, во кој сите директиви и лица ставени на листата на санкции на САД и Обединетото Кралство ќе бидат ставени во законска рамка за да немаат можност да учествуваат во јавните набавки, да бидат дел од Владата, ниту да бидат кандидати за јавни функции. | • Зголемување на опфатот на санкции и нивниот износ во врска со прекршување на правилата за судирот на интереси, интегритет и превенција на коруптивни практики преку измени на Законот за спречување на корупција и судир на интереси.<br>• Донесување на целосно нов КЗ.<br>• ЗКП во целост ќе биде усогласен со принципите на ЕСЧП, ќе се уреди постапката за изрекување на мерка притвор, со цел спречување на злоупотреба на оваа мерка: ќе се зголемат правата на одбраната, роковите за изјавување на жалби за одлуки за кои не се согласуваат странките, зголемување на правата на жртвите од кривични дела и оштетените во кривичната постапка.<br>• Преку измена на ЗКП, ќе се предвиди задолжителна постапка во која судот првично ќе оценува дали постојат можности за изрекување на гаранција. Притворот ќе може да биде определен како крајна мерка, само во исклучителни случаи. | • Промена на Законот за оружје преку усогласување со законодавството на ЕУ за класификација на оружјето.<br>• Секое неразумно одложување од страна на бирократијата и технократите ќе се смета за основа за корупција и ќе биде казнувано.<br>• Донесување на новиот ЗКП, во согласност со законодавството на ЕУ и меѓународната практика. | • Незастарување на кривичните дела поврзани со т.н. економски криминалитет и корупција извршени од страна на јавните функционери.<br>• Трикратно зголемување на рокот на застареност во КЗ за делата сторени од носителите на јавни функции, поврзани со т.н. службенички криминалитет.<br>• Укинување на прекршочната и постоење само на кривична одговорност за корупција.<br>• Ревизија на приватизацијата, со цел отворање правна можност за казнување на ноторните случаи на криминалната транзиција (трансформација на поранешните општествени претпријатија во приватни друштва).<br>• Заострување на казните и казнената политика, со задолжително изрекување забрана за вршење професија, дејност или должност на корумпираните политичари.<br>• Носење на нов КЗ, со цел рекласифицирање и посоодветно дефинирање на низа кривични дела, како и менување на репресивната казнена политика.<br>• Инфамија за судија кој ќе биде откриен дека извршил злоупотреба на функцијата на штета на странката – преку неможност, во иднина, да се занимава со било каква правна професија. | • Незастарување на делата за криминал и корупција.<br>• Враќање на укинатите одредби од КЗ и зголемување на казните за злоупотреба на службена положба и овластувања со казна затвор од минимум 10 години. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | • Воведување ново кривично дело – „Злоупотреба на ЕУ знаменце“. | |

## АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА

Во доменот на антикорупциски политики, коалициите предводени од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ се залагаат за утврдување на методологии и мерки за процена на ризиците поврзани со корупцијата во специфични сектори и државните институции - со усвојувањето на методологијата за процена на ризик од корупција во специфични сектори, како што го прави СДСМ, и со подобрувањето на системите за оценка и управување со ризици, како што го најавува ВМРО.

Акцент на укажувачите ставаат програмите ВМРО-ДПМНЕ и Левица, нивните предлози се за подобрување на законодавството и мерките за заштита на укажувачите и на внесувањето на мерки за превенција на корупцијата во државните институции. ВМРО-ДПМНЕ предвидуваат обврска за државните институции да имаат офицери за интегритет, сертифицирани за имплементација на меѓународни стандарди за антикорупциско управување и заштита на укажувачите. Ова има за цел да го засили институционалниот капацитет за борба против корупцијата и за да се обезбеди заштита на укажувачите.

Левица, на другата страна, се фокусира на подобрување на Законот за заштита на укажувачите, познат и како закон за заштита на свиркачите, укинување на банкарската тајна за сите носители на јавни функции, како и оневозможување приватни лица да инвестираат во изработка на ДУП.

| **СДСМ** | **ВМРО-ДПМНЕ** | **ДУИ/Европски фронт** | **Левица** | **Коалиција „Вреди“** |
|---|---|---|---|---|
| • Усвојување методологија на ризици за процена од корупција во специфични сектори | • Законска обврска за државните институции да го имплементираат стандардот за антикорпуциско управување (ISO 37001)<br>• Обврска на државни институции да имаат офицери за интегритет, сертифицирани со лиценци за имплементација на меѓународните стандарди за антикорпуциско управување и заштита на укажувачите. | • Воведување обврска нововработените во МВР најдоцна во рок од 30 дена од денот на склучувањето на договорот за вработување да достават изјава за состојба на имотот и интересите до МВР, заради почитување на одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси<br>• Зголемување на новите општи услови за работен | • Подобрување на Законот за заштита на укажувачите – т.н. „свиркачи“<br>• Предлагање на претседателот на ДКСК и на мнозинството нејзини членови од страна на опозицијата и целосна нејзина институционална и политичка поддршка во справувањето со корупцијата на јавните функционери (преку зајакнати егзекутивни | • Донесување на новиот закон за внатрешна јавна финансиска контрола |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | • Законско ограничување на дискрециските овластувања на раководните лица на институциите. Поставување на критериуми за оправданоста на трошоците за репрезентација.<br>• Подобрување на системот за оценка и управување со ризик за институциите. Во соработка со ДКСК и ДЗР ќе се изготви анализа на ризик факторите за злоупотреби и корупција во државните институции. | однос во МВР, и тоа: лицето да не е член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија и да го положил тестот за интегритет | ингеренции, ресурси и експерти)<br>• Ревизорските извештаи на ДЗР да бидат основа за кривично гонење на функционерите.<br>• Укинување на банкарската тајна на сите носители на јавни функции.<br>• Одземање на правото на приватни лица на инвестирање во изработка на ДУП, односно истите да бидат планирани во буџетот на општините на секои пет години. | |

## МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И КООРДИНАЦИЈА

Во областа „Меѓуинституционална соработка и координација“ од страна на партиите се предложени вкупно три мерки од кои две мерки има предложено политичката партија ВМРО-ДПМНЕ и една партијата Левица. Мерките предвидени од ВМРО-ДПМНЕ се однесуваат на поврзување на антикорупциските институции. Првата се однесува на формирање на координативно антикорупциско тело кои би било сочинето од ДКСК, ДЗР, Инспекциски совет, ЈО и други. Втората мерка предложува поврзување на ЈО и ДЗР и обврзување на ЈО да ги разгледува ревизорските извештаи на ДЗР.

Политичката партија Левица предложува мерка со која би се трансформирале АСПИ и КСЗД како посебни единици/одделенија во рамки на институцијата Народен правобранител.

| ВМРО-ДПМНЕ | Левица |
|---|---|
| • Во првите 100 дена, формирање на владино координативно тело за борба против корупција, со учество ДКСК, ДЗР, Инспекцискиот совет, ЈО и други.<br>• Системско поврзување на ДЗР со ЈО, како и обврска ЈО задолжително да ги разгледува извештаите од ДЗР. | • Пренесување на ингеренциите на АСПИ и на КСЗД и нивно трансформирање како посебни единици / одделенија во рамки на институцијата Народен правобранител. |

## ПОТЕКЛО НА ИМОТ И КОНФИСКАЦИЈА

Заедничкото меѓу политичките партии е нивната ангажираност кон повисока контрола и проверка на потеклото на имотот на јавните функционери и високите раководители во јавниот сектор. ВМРО-ДПМНЕ предложува зголемување на постапките за испитување на потеклото на имотот на политичките функционери и високите раководители во јавниот сектор, вклучувајќи ја и проверката на имотот на судиите и јавните обвинители. СДСМ предложува системска проверка на потеклото на имотот на судиите и јавните обвинители, заедно со реевалуација на нивната работа и проверка за можни судир на интереси.

Коалицијата „Вреди“ и политичката партија Левица се фокусираат на воведување на нови законодавни норми, вклучувајќи го Законот за Управата за наплата на средства и итно донесување Закон за потекло на имот на сите носители на јавни функции, од осамостојувањето до денес (1991–2024) – како *lex specialis*.

СДСМ, ДУИ/Европски фронт, Левица и Коалицијата „Вреди“ во нивните програми ја истакнуваат потребата од зголемување на ефикасноста на мерките за конфискација на криминално стекнат имот. СДСМ предложува одреден процент од продажбата на конфискуваниот имот и одземените предмети да заврши кај институции кои се заслужни за успехот на финансиската истрага, а ако истите не можат да се продадат, предвидува пренасочување на имотот и средствата кај невладините организации за проекти за социјални цели. ДУИ/Европски фронт се залага за подобрување на балансот на доказите на истрагите и за засилување на следењето и идентификацијата на случаите на противправна конфискација на имот. Левица предлага проширена конфискација на нелегално стекнатиот имот на досегашните владејачки структури и олигарси, вклучувајќи и нивните блиски роднини и пријатели. Коалицијата „Вреди“ се фокусира на зајакнување на овластувањата и ресурсите на Агенцијата за управување со запленетиот имот, за да се овозможи заплена и конфискација на криминални средства.

| **СДСМ** | **ВМРО-ДПМНЕ** | **ДУИ/Европски фронт** | **Левица** | **Коалиција „Вреди“** |
|---|---|---|---|---|
| • Системска проверка на потеклото на имотот и постоење сомневање за евентуален судир на интереси за сите судии и јавни обвинители со учество на ДКСК, УЈП, УФР, МВР.<br>• Реевалуација на работата на јавните обвинители, проверка на потеклото на имотот и постоење сомневање за евентуален судир на интереси со | • Зголемување на постапките за испитување и утврдување на потекло на имот на политички функционери и високи раководители во јавниот сектор.<br>• Спроведување на целосна проверка на имотот на судиите и нивните семејства со цел јасно одделување на чесните од нечесните судии. | • Подобрување на балансот на доказите на истрагите, кривично гонење и казните за случаи на организиран криминал и перење пари, со посебен фокус на конфискација на имот и материјални добра, стекнати преку криминални активности и организиран криминал.<br>• Носење и спроведување на потребната законска | • Јавна и проширена објава на т.н. историски податоци за следење на текот на промени на состојбата во анкетните листови на избраните или именуваните лица (како отворени податоци за слободен пристап до информации од јавен карактер)<br>• Проверка на работата на судиите и нивната имотна состојба. | • Итно воведување на Законот за Управата за наплата на средства. Ова ќе бара воведување на нови законодавни норми, особено промена на товарот на докажување за потеклото на имотот и прелиминарна конфискација во случаи на необјаснети средства, во согласност со *acquis communautaire* на ЕУ. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| учество на ДКСК, УЈП, УФР, МВР.<br>• Одреден процент од продажбата на конфискуваниот имот и одземени предмети да заврши кај институциите кои се заслужни за успехот на финансиската истрага.<br>• Доколку одземените предмети и конфискуваниот имот не можат да се продадат, законски ќе се предвиди пренасочување на имотот и средствата кај невладините организации, избрани на јавен и транспарентен начин, наменети за проекти за социјални цели. | • Проверка на имотот на јавите обвинители и нивните семејства. | рамка за службата за конфискација на имот<br>• Зајакнување на следењето и идентификацијата на случаите на противправна конфискација на имот, фиксирање на незаконски стекнати имоти и нивно управување, со цел да се зачува нивната вредност. | • Проширена конфискација (кривична или граѓанска) на нелегално стекнатиот имот на досегашните владејачки структури и олигарси – не само од нив лично, туку и од нивни блиски роднини, пријатели / партнери или трети лица.<br>• Итно носење на Закон за потекло на имот на сите носители на јавни функции, од осамостојувањето до денес (1991–2024) – како lex specialis<br>• Мониторинг и следење на финансиските шпекулации кои овозможуваат одлевање на домашниот капитал во странство или негово „легализирање“ преку сомнителни бизниси и „оф-шор“ компании | • Зајакнување на овластувањата и ресурсите на Агенцијата за управување со запленетиот имот, за да се овозможи заплена и конфискација на криминални средства.<br>• Амандман за дополнување на членовите 52 и 112 од Уставот кој би обезбедил уставна основа за преиспитување на сите судски постапки за претходни или сегашни избрани и именувани лица, кои се суспендирани поради кривична одговорност. |

## ПОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТА НА СУДСТВО И ОБВИНИТЕЛСТВО

Очигледен е консензусот на различните политички субјекти за важноста на дигитализацијата на судството и за напорите за модернизација на правосудните системи. Политичките партии во нивните предизборни програми ги наведуваат предлозите и ја истакнуваат нивната ангажираност кон дигитализацијата на судството и модернизацијата на судските постапки преку употребата на електронски технологии.

СДСМ, ВМРО и Коалицијата ВРЕДИ се согласуваат дека дигитализацијата на судството е неопходна за подобрување на ефикасноста на правосудните системи. Сите три партии предлагаат воведување на електронски системи за прибирање на докази од судската евиденција, електронска достава на

поднесоците кон судовите и модернизација на системите за следење на судските предмети. Предлагаат и јавно објавување на анонимизирани одлуки, што би го подобрило достапот до информации за судските постапки.

| СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | ДУИ/Европски фронт | Коалиција „Вреди“ |
|---|---|---|---|
| • Дигитализација на судството, со можност за прибавување на потврдите од судската евиденција дигитално, како електронска достава на поднесоци кон судовите, осовременување на системот на календар на судења воспоставен од Врховниот суд. | • Дигитализација на судството - e-justice, со што судиите ќе можат полесно да ги следат списите на предметот, странките ќе можат електронски да го следат предметот низ сите фази од постапката; анонимизираните одлуки задолжително ќе бидат јавно објавени. Унапредување на рамката за автоматска распределба на судските предмети по случаен избор, со цел да се избегнат можни злоупотреби при распределба. Обвинителите и адвокатите ќе имаат можност и за електронска достава до судовите, како и електронски да се поднесат барања за издавање на документи од страна на судовите. | • Одобрување на Акционен план за спречување на корупцијата во судството за 2026-2029 година.<br>• Намалување на просечното време потребно за решавање на жалбите против судските службеници, во целосна согласност со европските стандарди.<br>• Унифицирање на судската пракса преку зголемување на нивото на обука на судиите и ревидирање на критериумите за оценување на судиите и јавните обвинители користејќи компаративни добри практики и искуства од ЕУ и земјите членки.<br>• Воспоставување механизам за следење, за да се обезбеди целосна и ефективна употреба на АКМИС системот, врз основа на одговорност и усогласеност со предвидените дисциплински мерки.<br>• Автоматизираното управување со судските предмети ќе се врши во согласност со најдобрите практики на ЕУ и земјите-членки, за забрзување на времето на процесирање на предметите, како и намалување на времето на донесување судски пресуди за конкретни случаи, во согласност со Методологијата на Европската комисија за ефикасност на правдата.<br>• Комисијата за надзор над функционалноста на АКМИС системот ќе врши систематски и транспарентен надзор, во согласност со годишниот план за надзор. | • Целосна дигитализација на судовите во согласност со Стратешката рамка на Советот на Европа, со фокус на оптимизирање на судското работење и интероперабилноста меѓу институциите. |

## ПОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТА НА СОВЕТИТЕ (СУДСКИ И ОБВИНИТЕЛСКИ)

Политичките партии во своите програми се осврнуваат и на потребата од реформа на работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители. Евидентна е едногласната заложба на партиите за утврдување на јасно дефинирани постапки за избор и разрешувања на членството на советите. Во своите програми најавуваат и заложба за поголема отвореност на седниците и работата на советите кон граѓанскиот сектор, медиумите и граѓаните. Програмата на ВМРО-ДПМНЕ акцентот го става на распуштање и сеопфатна законска реформа на Судскиот совет, но и воспоставување на индикатори за успешност на работата на Советот. СДСМ предвидува целосно исклучување на Министерот за правда и Претседателот на Врховниот суд од работата на Судскиот совет со цел спречување на надворешните влијанија врз работата на Советот, израмнување на мандатот на претседателот и членовите на четири години и ограничување на само еден последователен реизбор за членовите на Советот. Во однос на мандатот на членовите и претседателот, една од мерките која СДСМ и Левица ја предвидуваат е намалување на мандатот на членовите на Судскиот совет.

| СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | ДУИ/Европски фронт | Левица |
|---|---|---|---|
| • Целосна реформа на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители.<br>• Утврдување на минимум гласови потребни за избор на членови на РСС од редот на судиите, а со цел да се креира зголемено мнозинство и поддршка за избраните судии во РСС, односно во гласањето на судската фела мора да има праг од најмалку 50% и можност за јасно изјаснување<br>• Изборот на членови кои не се судии од страна на Собранието да биде јасен и транспарентен и заснован на избор по заслуги.<br>• Исклучување на Министерот за правда и Претседателот на Врховниот суд како членови на Судскиот совет како важен фактор во избегнување на внатрешното (судската власт) и надворешно (политичко) влијание | • Распуштање и законска реформа на РСС со избор на нови кандидати. Од предложените кандидати ќе се бара да имаат програма за работа со точно утврдени индикатори за успешност.<br>• Утврдување на јасно дефинирана постапка за избор и разрешување на претседателот на РСС, задолжително образложение на донесените одлуки на РСС, како и зголемена транспарентност во одлучувањето, со присуство на јавноста и медиумите, со земање предвид на сите препораки од ЕУ и добрите практики на | • Завршување на Законот за судски совет во согласност со препораките на евалуациската мисија на Европската комисија за функционирањето на РСС (септември 2023 година) и мислењата на Венецијанската комисија<br>• Изборот на нови членови на РСС кои ќе ги заменат членовите чиј мандат поминал, ќе се врши според критериумите на новиот завршен закон, односно Законот за Судскиот совет | • Намалување на мандатот на членовите на РСС, од шест на пет години (со неможност за повторен, т.е. последен избор на таа функција пред истекот на четиригодишниот т.н. „период на чекање“ меѓу двата мандата); зголемување на мандатот на претседателот на РСС од две на три години; пропишување постапка за разрешување на претседател на РСС; избегнување на затворени седници, без присуство на јавноста и назначување портпарол на институцијата, заради професионален однос кон медиумите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Отворање на стручна и јавна дебата за можноста за интегрирање на не-судски членови кои имаат истакнати квалификации во составот на Судскиот совет<br>• Учество на претставници на граѓанскиот сектор при изборот и работата на членовите на Судскиот совет<br>• Јавен избор на членови на Судски совет од фелата на истакнати правници, односно кои не се судии, по претходно објавен оглас за предложените членови од Претседателот и Собранието.<br>• Јавно интервју пред Собранието пред гласање за избор, по примерот на изборот на членовите на ДКСК<br>• Избор на членови кои не се судии од страна на Собранието со квалификувано мнозинство од страна на пратениците, а со цел да се избегне политичко влијание<br>• Намалување на мандатот на членовите на Судскиот совет на 4 години и воведување на одредба дека е дозволен еден последователен реизбор и период на чекање за можност за втор и последен реизбор<br>• При обновување на мандатот на судиските и вонсудските членови, нема да се прави разлика помеѓу двете категории и тие ќе подлежат на период на чекање од четири години пред да можат да се кандидираат за реизбор за втор и последен мандат.<br>• Со дополнување на членот 42 од Законот за судски совет, член на Советот нема да биде избран за судија, судија на повисок суд, претседател на суд или судија на Уставен суд<br>• Прекинување на праксата за мирување на време на неговиот мандат и најмалку една година по него работното место судија во текот на мандатот член на Судски совет за членовите на Советот избрани од редот на судиите<br>• Намалување на обемот на работа до 50% за избраните судии во Судскиот совет, а со цел за нивно реално, етичко и континуирано функционирање во судската средина<br>• Мандатот на претседателот на Судскиот совет да се продолжи од две на четири години, што ќе доведе до поинаква динамика во Судскиот совет.<br>• Можност судските членови да можат да бидат бирани за Претседател на Судски совет. | Европската мрежа на Судски совети.<br>• Воведување нови дефиниции за заштита од судир на интереси во правосудството при што ќе се ограничат можностите за влијание на непотизам, партизација и кронизам при одлучувањето на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во постапките за избор, унапредување, разрешување и евалуација на судиите и јавните обвинители.<br>• Носење законски измени со кои се предвидвидува обврска за Судскиот совет задолжително да ги извести граѓаните кои поднеле барање за утврдување одговорност на судијата за донесената одлука. Доколку по претставка на граѓанин е утврдена одговорност кај судијата заради нестручно и несовесно вршење на функција, Судскиот совет задолжително ќе го информира граѓанинот за неговото право да бара надомест за претрпената штета.<br>• Законска обврска Судскиот совет по донесување на одлука за разрешување на судија задолжително да достави извештај за постапката за разрешување на судијата, со целокупна документација во прилог, до надлежното јавно обвинителство, а со цел проверка на возможно прекршување на кривичниот законик.<br>• Законска обврска Советот на јавни обвинители по донесување на одлука за разрешување на обвинител задолжително да достави извештај за постапката за разрешување на обвинителот, | • Судиите и обвинителите кои се предмет на дисциплинска постапка ќе имаат право на правично судење и право на оспорување на одлуката и санкциите до жалбената инстанца<br>• Ревизија на законодавната рамка и општото функционирање на Судскиот совет и Советот на обвинители за зголемување на транспарентноста и независноста, но и одговорноста на секој член за сопствените постапки | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Креирање на посебна законска постапка за разрешување на Претседател на Судски совет.<br>• Промена во методологијата при процесот на евалуација на работата во однос на унапредувањето на судиите, за да можат побрзо да се пополнат одредени позиции во судството.<br>• Ќе се воведат промени во аргументирањето и одлуките при избор на судиите, и нивно персонализирање, конкретизирање и конзистентност, односно јавно и детално образложение на одлуките на Судскиот совет во случај на избор за судија на пониско рангиран кандидат. Така дефинираниот пристап ќе биде застапен и во случај на неизбор на прворангираните кандидати и во случај на целосен неизбор.<br>• Промена во системот на гласање при избор на членови во Судскиот совет, со гласање за сите кандидати пријавени на огласот, без да се прекинува гласањето откако ќе бидат избрани онолку кандидати колку што се објавени на огласот, со што на преостанатите рангирани кандидати нема да им се одземе можноста да бидат гласани и да добијат поголем број на гласови.<br>• Прецизирање на начинот на делегирање на судии од еден во друг суд, заради правилна примена на причините за делегирање предвидени во законот.<br>• Прецизирање на сите дисциплински постапки и прекршоци во кои судијата ќе биде разрешен.<br>• Дефинирање на сите правни услови и рокови во дисциплинските постапки за судиите.<br>• Процесите за дисциплинските постапки на судиите ќе бидат јавни.<br>• Можност за поведување на иницијатива за одговорност на член на Советот од редот на судиите со утврдување на минимум потребен број гласови за иницијативата.<br>• Намалување на бројот на судии за поднесување барање за дисциплинска постапка за член на Судскиот совет, а зголемување на бројот за самите членови на Судскиот совет.<br>• Учество на граѓански и експертски организации во дисциплинската постапка против судиските членови. | со целокупна документација во прилог, до надлежното јавно обвинителство, а со цел проверка на возможно прекршување на законите.<br>• Законска обврска за Судскиот совет задолжително да ги извести граѓаните кои поднеле барање за утврдување одговорност на судијата за донесената одлука.<br>• Распуштање и законска реформа на Советот на јавни обвинители, законски измени за строги и објективни критериуми за избор на членовите на Советот, како и на членовите кои се бираат во Собранието на Република Македонија. Постапката ќе биде транспарентна и јавна, при што од предложените кандидати ќе се бара да имаат програма за работа со точно утврдени индикатори за успешност. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Реорганизација на работењето на Судскиот совет во насока на отвореност, транспарентност, ефикасност и ефективност.<br>• Креирање на отворена дебата со судиите и граѓанските организации во усвојувањето на Годишниот Извештај на Судскиот совет.<br>• Преземање на активности за видливост на Судскиот Совет и јавна проактивност за подигање на довербата во судството.<br>• Измена на Законот за Советот на јавните обвинители особено во делот каде се предвидува мирување на функцијата јавен обвинител на членот на Советот на јавни обвинители избран од редот на јавните обвинители. | | | |

## ПОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТА ВО ДРУГИ СЕКТОРИ

Политичките партии во своите програми, меѓу другото, се осврнуваат и кон дигитализација на повеќе аспекти од општеството со цел олеснување на меѓуинституционалната соработка, пристапот на граѓаните до јавните услуги и сервиси, како и за елиминирање на коруптивните дејствувања во бирократските процеси. Партиите ветуваат дигитални алатки за пријавување на корупција, креирање на дигитален идентитет за секој граѓанин и поедноставување на шалтерските процедури. ВМРО-ДПМНЕ во својата програма има предвидено дигитална платформа за одржување на обуки за интегритет, задолжителна за сите вработени во јавниот сектор , како и воведување на БИМ технологија која би го автоматизирала одобрувањето на проекти. И Левица и ВМРО-ДПМНЕ во програмите предвидуваат посебни регистарски таблички за сите службени возила на државните институции.

| СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | ДУИ/Европски фронт | Левица | Коалиција „Вреди“ |
|---|---|---|---|---|
| • Воведување дигитална алатка за прием на пријави од корупција.<br>• Воведување можност за електронско следење на поднесоците од страна на граѓаните во институциите на централно и локално ниво, за да се спречи држење на предметите „во | • Воведување специјализирана дигитална платформа за одржување на обуки за интегритет, препознавање, превенција и спречување на корупција во јавниот сектор, а секој вработен во јавниот сектор ќе има обврска да ја помине обуката најмалку еднаш во текот на годината.<br>• Електронско испраќање барања за сите достапни јавни услуги и електронско добивање на потребните документи. Приоритет се 12-те електронски услуги кои | • Олеснување на постапките за добивање лиценци и дозволи за деловна дејност<br>• Транспарентноста и дигитализацијата на процесите при доделување лиценци, особено во урбанистичкото | • Дигитализација и електронско управување со предметите во управна постапка – по принципот на Е-услуги, со цел намалување на писмената документација и трчањето по шалтери | • Ќе работиме напорно за да обезбедиме интероперабилност и безбедност на системите за здравствени податоци за да ја олесниме континуираната размена на податоци помеѓу пациентот и здравствената установа и да ја подобриме интеракцијата пациент-здравствена институција. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| фиока“, непотребно чекање и одложување, дури и кога е тоа во законскиот рок.<br>• Дигиталната трансформација базирана врз следниве принципи: владеење на правото, социјална кохезија и јавно-приватно партнерство, слободен пристап до јавните информации, веродостојни изворници на податоци, дигиталното е стандардно, принцип „Само еднаш“, поврзување.<br>• Креирање и одржување на дигитален идентитет за секој граѓанин, преку електронска лична карта (мк-еИД) и единствена достапност на сите услуги. Формирање на Агенција за дигитализација.<br>• Развивање и имплементирање на систем за е-архивирање (e-Archive Information System). | ги пропишува Европската комисија, во делот на добивањето изводи, започнувањето бизнис и добивањето потврди.<br>• Еден портал за услуги на државно и локално ниво.<br>• Воспоставување стандард за минимум неопходни информации кои секоја државна институција ќе мора да ги објавува на Интернет платформа: раководни органи во институцијата, бројот и структурата на вработените лица, финансиското работење, планови и извештаи, програмите за работа, степенот на реализација на програмите.<br>• Зголемување на бројот на отворени податоци во компјутерски обработлив формат што ќе можат да се користат слободно, да бидат реискористени и редистрибуирани без ограничувања.<br>• Воведување на контролни механизми преку целосна дигитализација на здравствениот систем со цел избегнување на фиктивно издавање на лекови, фактурирање, лекување на лица, и лекување на лица кои не влегуваат во здравствениот систем на Република Македонија.<br>• Надополнување и усовршување на електронскиот систем за донесување на урбанистички планови, со цел зголемување на транспарентноста, точноста, ефикасноста и ефективноста.<br>• Нов Закон за урбанистичко планирање со цел целосна дигитализација и стандардизација на податоците во сите надлежни институции, кои би биле достапни бесплатно преку владин гео-портал за урбанизам и просторно планирање.<br>• Завршување на постапките за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост - Воведување законски измени со цел да се овозможи Агенцијата за катастар на недвижности да | планирање, ќе го забрза процесот на инвестиции и градби. | • Воведување стандардизирани државни дигитални платформи кои меѓусебно комуницираат на автоматизиран начин, преку унифициран модел на податоци базиран на интероперабилност и размена на податоци во единствен формат<br>• Задолжително и навремено јавно објавување на информации за трошење на буџетот на сите министерства и буџетски корисници (преку надградба на системот „Open finance“)<br>• Јавно објавување на висината на платите, бонусите и додатоците од плата на раководните лица во институциите и јавните претпријатија<br>• Дигитализација на медицинските евиденции и вмрежување на системот на здравствена заштита во единствена медицинска дата-база на податоци и заеднички софтвер (Е-здравство), создаден и одржуван од државата.<br>• Воведување специјални црвени | Подобрување на платформата за електронска влада, прилагодување на законите кои го спречуваат спроведувањето на електронскиот потпис и овозможување дигиталниот идентитет на граѓанинот да биде единствен процес за идентификација на национално ниво. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | изврши трансформација на дотогашното право на користење на поранешните сопственици на земјиштето.<br>• Овозможување сопствениците на делови од колективни станбени згради кои се наоѓаат на земјиште во државна сопственост да станат сопственици на идеален дел од градежната парцела, со цел завршување на голем број долготрајни управни постапки.<br>• Воспоставување објективни стандарди при изготвување документација за добивање на дозволи за градба со помош на софтверски платформи за автоматска проверка.<br>• Воведување на е-одобрение за градба со електронско поднесување на барања и обезбедување на согласност од надлежните институции.<br>• Воведување на БИМ технологија (Building Information Modelling) за проектирање што го елиминира човечкиот фактор во одобрување проекти.<br>• Посебни регистарски таблички за службените возила на државните институции, како и создавање на регистар на службени возила кој ќе биде јавен. | | регистарски таблички за службените возила на државните органи, општините и јавните претпријатија<br>• Избор на директори на клиниките по пат на интерно гласање од страна на медицинскиот персонал („директна демократија“).<br>• Укинување на моделот на јавно-приватни партнерства во примарната здравствена заштита и третирање на специфични групи (пр. Центри за дијализа)<br>• Финансиска поддршка за новинарски кооперации за истражувачко новинарство | |

## УЛОГА НА СОБРАНИЕ

Политичката партија Левица е единствена во чија програма се наоѓаат заложби за подобрување на улогата на Собранието во борбата против корупцијата. Тие најавуваат прекин на честата промена на законите и воведување на листа на нормативни акти и прописи кои нема да смеат да се носат по скратена постапка. Дополнително, ќе се залагаат и за поголема отвореност на работата на Собранието преку зачестено организирање на стручни и јавни расправи со експертската јавност.

| **Левица** |
| --- |
| • Запирање на праксата на пречесто менување на законите и носење закони по скратена постапка, како и обврска за задолжително издавање на официјални пречистени текстови на законите, после секоја нивна измена и/или дополнување.<br>• Воведување каталог, т.е. албум на нормативни акти и листа на прописи кои не смеат да се носат по скратена постапка.<br>• Почести стручни расправи и присуство на седниците на парламентарните комисии на експертите, професионалните / струкови здруженија и на засегнатите групи-граѓани – особено при разгледување на годишните извештаи за работа на државните институции<br>• Почести јавни расправи и присуство на седниците на парламентарните комисии и на пленарните седници во Собранието на РМ, во својство на „јавност“ – на експертите, граѓанските организации и на засегнатите групи-граѓани. |

## ЈАВНИ НАБАВКИ

Во однос на овој сегмент, само СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и Левица имаат предвидено одредени реформи. СДСМ предвидува интегрирана употреба на вештачка интелигенција и отворените податоци со цел рано откривање на коруптивни дејствувања во јавните набавки. Предвидените реформи на ВМРО-ДПМНЕ се поврзани со интеграција на податоци од повеќе регистри со цел детекција на судир на интереси, се обврзуваат на формирање ново одделение за ревизија на јавни набавки во рамки на ДЗР и сектор задолжен за контрола на критериумите за најповолни понуди во рамки на БЈН, но и обврска кон сите институции по објавувањето на извештаите на ДЗР на своите веб-страни, истите да изработуваат акциски планови за корекција на утврдените неправилности. Левица во својата програма предвидува формирање на централно владино тело за снабдување на сите јавни институции, како и забрана за учество на тендери на нови фирми и фирми кои се донатори на политички партии.

| СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | Левица |
|---|---|---|
| Користење на вештачка интелигенција (ВИ) во комбинација со отворени податоци за придонес во процесите на рано откривање на коруптивни и други недозволени дејства, преку откривање на шаблони и обрасци на одредени неприфатливи однесувања во јавни набавки | **Интеграција на информациите за сите лиценци и дозволи со кои располагаат правните и физичките лица во регистар што ќе се користи од институциите при јавни набавки.**<br><br>**Формирање на ново одделение за ревизија на јавни набавки во рамки на ДЗР.**<br><br>**Зголемување на бројот на податоци и фреквентноста на објавените извештаи на ЕСЈН.**<br><br>**Поврзување на ЕСЈН со регистарот на вработени во јавниот сектор, АВРМ, УЈП, катастар, централниот регистар, регистарот на население и други неопходни системи за ЕСЈН автоматски да идентификува, пријавува и ќе објавува судир на интереси и ризици од корупција при јавните набавки.**<br><br>**Формирање на сектор во рамките на БЈН задолжен за контрола на критериумите за економски најповолна понуда и за спречување на манипулации во процесот на јавните набавки.**<br><br>**Подобрено планирање на јавни набавки за намалување на поништувањата на постапките за јавни набавки, онаму каде тие не се најдиректно резултат на објективни околности и пропусти.**<br><br>Сите институции, јавни претпријатија и компании во доминатна државна сопственост ќе бидат обврзани да ги објавуваат јавно извештаите од ДЗР и од други ревизорски куќи на својата Интернет страница и да изработат акциски план за корекција на утврдените неправилности. | **Воведување централно владино тело за јавни набавки, преку кое, од едно место би се снабдувале сите јавни институции за нивните тековни потреби.**<br><br>**Промена во системот на јавни набавки, лицитации и тендери и воведување фер конкуренција меѓу економските оператори – преку бодувања по повеќе мерливи критериуми, а не одлучувачки критериум да биде само најниската цена**<br><br>**Забрана на учество на тендери за нови фирми, кои постојат помалку од една година пред распишување на тендерот**<br><br>**Забрана на приватни фирми-донатори на политичките партии да учествуваат на јавни тендери**<br><br>Транспарентност и зголемена инспекциска контрола на тендерите, односно Бирото за јавни набавки да ги објави сите податоци за трошење на народните пари. |